Македонска Авторска Агенција
Makedonska Avtorska Agencija

Трговско друштво за заштита на авторски и сродни права Македонска Авторска Агенција ДОО - Скопје
Бул. Кочо Рацин 14 • п.фах 148 • тел. + 389(0)2-3114-655, факс + 389(0)2-3215-841 • ж-ска 300000000020891
Trgovsko društvo za zaštita na avtorski i srodni prava Makedonska Avtorska Agencija DOO - Skopje
Bul. Koco Račin 14 • p.fax 148 • tel. + 389(0)2-3114-655, fax. + 389(0)2-3215-841 • ž-ska 300000000020891

Понуда за заштита на трговска марка

Почитуван/а,

Во врска со вашето барање за заштита на трговска марка преку Македонска авторска агенција ДОО би сакале да Ве информираме за следното:

1. Цената на целокупната процедура за заштита со вклучен ДДВ изнесува 13.000 денари и динамиката на плаќање е следна:
- 4.300 денари за поведување на постапката
- 1.000 денари за објавување на податоците во службеното гласило на Заводот (4-5 месеци по поведување на постапката) и
- 7.700 денари по добивање на решение од Заводот за регистрација на трговската марка (12-13 месеци по поведување на постапката) Во овие износи се вклучени и таксите на Заводот кои ние ги плаќаме во Ваше име како застапници.

2. Потребни документи за поведување на постапката:
- Тековна состојба доколку трговската марка сакате да биде заштитена на име на правно лице
- 10 примероци од логото во боја и 10 црно бели, да не бидат поголеми од 8 на 8 сантиметри (може да бидат испечатени на еден лист А4 формат) и
- Полномошно со кое не овластувате ние како Агенција да ја водиме постапката пред Заводот во ваше име.

Ви стоиме на располагање доколку ви се потребни дополнителни информации.

Со почит,
Македонска Авторска Агенција ДОО
Управител
Јасмина Наскова